МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

## за IX одделение

DRAFT

Скопје, 2024 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Германски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IX (деветто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Моите минати и сегашни доживувања<br>• Мојата поширока околина<br>• Здравје и здрави навики на живеење |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD-плеер, интерактивна табла<br>• фотографии, постери, слики, предмети, флеш-карти, стикери, материјал за изработка на роденденски честитки/а, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери<br>• учебник, прирачници, речници, списанија (во печатена и/или електронска форма) |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по германски јазик и книжевност - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по македонски и германски јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени студии по германски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик на друга студиска програма во комбинација со друг јазик , со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-A.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-A.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија; |
| II-A.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-A.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали (реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.); |
| II-A.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности; |
| II-A.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика; |
| II-A.18 | да користи низа од фрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интресите и секојдневните активности; |
| II-A.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки коишто произлегуваат од секојдневна потреба; |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не јапопречуваат комуникацијата; |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.2 | познавањето на повеќе јазици го олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини; |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Дигитална писменост** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-А.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| IV-Б.7 | неумереното и во несоодветна положба (неергономски) користење на дигиталните технологии може негативно да влијае на здравјето, на личниот и социјалниот живот, а несоодветното складирање на дигиталниот отпад неповолно влијае врз животната средина. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Личен и социјален развој** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

DRAFT

| | |
|---|---|
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-А.19 | да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамки на училиштето; |
| VI-А.21 | да го разликува значењето на поимите: нација, народ, етничка заедница, граѓани и индивидуи; на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и национализам, мнозинство и малцинство; како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различни контексти на кои се однесуваат; |
| VI-А.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент на етичките норми и вредностите кои  ги застапуваат; |
| VI-А.34 | да ја објаснува причинско-последичната поврзаност меѓу минатите и актуелните случувања на локално и глобално ниво. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Техника, технологија и претприемништво** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VII-А.1 | да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и со секојдневниот живот; |
| VII-А.3 | да објасни како напредните технички и технолошки системи/продукти го подобруваат секојдневниот живот на луѓето; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VII-А.11 | да донесе одлука за натамошно школување врз основа на сопствените интереси, способности и можности, земајќи ги предвид потребите на пазарот на трудот; |
| *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* | |
| VII-Б.2 | успешните идеи кои водат кон лични, социјални и финансиски придобивки се резултат на креативност, иницијативност, посветеност и истрајност; |
| VII-Б.3 | иницијативата е битен услов за внесување промени во личниот живот и животот во заедницата, а успешноста на промените е поврзана со соочување со предизвици и/или преземање ризик; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Уметничко изразување и култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различни форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |

| | |
|---|---|
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други  форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-А.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-А.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1: МОИТЕ МИНАТИ И СЕГАШНИ ДОЖИВУВАЊА**

Вкупно часови: **24**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере глобално, селективно и детално информации во средно долги слушнати и пишани текстови поврзани со минатите и сегашните доживувања;

2. учествува во куси едноставни разговори и разменува информации за одредени професии и за сопствената идна професионална ориентација;
3. опишува, прераскажува и известува за минати и сегашни настани и доживувања во писмена и усна форма;
4. примени јазични функции за размена на информации во куси текстови поврзани со купување и порачување во ресторан;
5. постави прашања и да даде одговор за насоките на движење и просторно ориентирање.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• опишување ситуации и доживувања<br>Meine Sommerferien habe ich in der Schweiz verbracht. Wir sind viel gewandert. Einmal sind wir in den Wald gegangen und haben eine Pause gemacht. Dort haben wir ein Brot gegessen und etwas getrunken. Ich habe ein wenig fotografiert. Dann sind wir weiter gegangen. Aber ich habe meine Kamera auf einer Wiese vergessen. Das war blöd!<br>• (повторливи) случки во минатото<br>-Hast du die Fotos aus dem Camp gesehen?<br>-Ja, da siehst du, was wir im Camp gemacht haben.<br>-Du bist aber nicht auf den Fotos.<br>-Natürlich nicht, ich habe fotografiert.<br>• изразување желби за професија<br>Am Wochenende helfe ich meinem Vater in der Bäckerei. Diesen Beruf mag ich gern. Da bekomme ein bisschen Geld für die Arbeit. Das ist cool!<br>• нарачување во кафетрија / ресторан<br>-Komm, wir essen ein Eis! Was möchtest du den gern?<br>-Erdbeereis. Das ist mein Lieblingseis.<br>• купување и опис на облека<br>-Schau mal, Mama, das T-Shirt ist super, nicht?<br>-Hm, ist das ein T-Shirt für zwei Personen? Es ist ja total weit.<br>-Ach Mama! Wie findest du denn die Hose?<br>-Ich glaube, du brauchst sie etwas weiter, ich finde sie sehr eng.<br>• формулирање учтиво прашање<br>Kannst du mir sagen, wo ich Spezialbrielle kaufen kann? | • Разбира и применува усвоени јазични функции за опишување на ситуации и доживувања.<br>• Раскажува искуства од доживувањата во минатото.<br>• Образложува предности и недостатоци на одредени професии.<br>• Користи дијалошка форма за изразување желби.<br>• Опишува облека и изразузува допаѓање и недопаѓање.<br>• Образува учтиви прашања на германски јазик.<br>• Дава, прифаќа и одбива предлог.<br>• Преведува усвоени јазични функции поврзани со минатите и сегашните доживувања од германски на мајчин јазик. |

| | |
|---|---|
| • давање предлог и договарање<br>-Wir können eine Radtour mit Picknick am See machen.<br>-Ja, genau. Das ist eine gute Idee.<br>-Wer bringt etwas zum Essen mit?<br>-Peter, kannst du vielleicht eine Decke und ein Frisbee mitnehmen? | |
| б) Лексички единици:<br>• насоки на движење и просторно ориентирање<br>geradeaus, nach links, nach rechts, oben, unten, vorne, hinten, in der Mitte, im Zentrum, die Ampel, der Bahnhof, die Haltestelle, die Station, die Linie, die Richtung, die Kreuzung, die Straße...<br>-Was machen wir am Samstag? Wir treffen uns am besten um 10 Uhr an der Haltestelle.<br>-Besser warte ich auf dich an der Marien-Apotheke.<br>-Wo ist die Apotheke denn?<br>-Bei der Post.<br>-Alles klar, also bis später.<br>• организирање излети и одмор<br>ein Picknick / einen Ausflug machen, eine Decke mitbringen, Volleyball spielen, in den Wald fahren / gehen, an den Fluss fahren / gehen, in die Stradt fahren / gehen, zum See fahren / gehen, angeln gehen, schwimmen gehen, auf eine Insel fahren, ans Meer / an den Strand fahren / gehen, eine Radtour machen, Bikini / Badehose mitnehmen<br>-Kennst du den Europaplatz?<br>-Na klar, diesen Platz mag ich ganz besonders.<br>-Echt? Warum denn?<br>-Weil ich da jeden Nachmittag meine Freunde treffe.<br>-Ach so, klar.<br>• порачување пијалаци, слатки и храна<br>bestellen, bezahlen, das Geld, bar bezahlen, teuer, billig, einmal, zeimal, zusammen, getrennt, die Portion, die Kugel, die Vanille, die Eisschokolade, der Eiskaffee, der Apfelkuchen, die Schokoladentorte, das Stück, das Erdbeereis | • Ги разбира и користи усвоените лексички единици во врска со ориентирање во просторот.<br>• Набројува и применува лексика поврзана со планирање на излети и одмор.<br>• Формурира говорни искази за нарачување и плаќање сметка.<br>• Именува лексички единици поврзани со опис на облека.<br>• Искажува мислење за избор на одредени професии и истото го образложува на едноставен начин. |

<table>
<tr>
<td>
-Können wir bestellen, bitte?<br>-Ja, gern.<br>-Was möchtest du, Anna?<br>-Ich hätte gern drei Kugeln Eis: Vanille, Erdbeere und Stracciatella.
<ul>
<li>купување облека<br>die Mütze, der Schal, das Sweatshirt, die Hose, die Leggings, eng, weit, kurz, karriert, gestreift, bunt, gemustert, gepunktet, die Umkleidekabine, die Verkäuferin, die Boutique, das Sportgeschäft, der Schuhladen, anprobieren, anziehen, ausziehen, umziehen, im Internet kaufen<br>-Hey, die Hose da ist ja toll.<br>-Ja, sie ist rot, dunkelrot. Die neue Modefarbe.<br>-Eigentlich mag ich die Farbe nicht so gern. Aber diese Hose gefällt mir.<br>-Und sie ist ganz modern.<br>-Was kostet denn die rote Hose?<br>-29 Euro.</li>
<li>професионална ориентација<br>Praktukum machen, Ausbildung machen, eine Bewerbung schreiben, die Firma, die Abteilung, die Bäckerei, das Büro, der Friseursalon, der Kindergarten, das Sportgeschäft<br>Nina Konradi ist Sekräterin bei Maier&Co. Heute ist sie aber nicht im Büro, denn sie besucht eine Freundin im Krankenhaus. Ihr Mann Tom arbeitet in einer Bäckerei. Er ist Bäcker.</li>
</ul>
</td>
<td></td>
</tr>
<tr>
<td>
в) Граматички структури:
<ul>
<li>werden како главен глагол во сегашно време<br>Später werde ich Krankenpfleger. Meine Freundin wird Informatikerin.</li>
<li>werden како главен глагол во претеритум<br>Matthias lag lange in der Sonne und er wurde schnell rot im Gesicht.</li>
<li>модалните глаголи во претеритум: dürfen, können, mögen, müssen, sollen, wollen<br>Letzte Ferien habe ich am Flughafen Köln-Bonn gejobbt. Ich konnte jede Woche in einer anderen Abteilung arbeiten. Zuerst musste ich in IT-Service arbeiten. Da durfte ich viel allein machen. Eigentlich wollte</li>
</ul>
</td>
<td>
<ul>
<li>Го препознава и применува глаголот werden како главен глагол во сегашно време.</li>
<li>Прави разлика во формата на глаголот werden во сегашно време и претеритум.</li>
<li>Ги разликува и правилно ги применува модалните глаголи dürfen, können, müssen и sollen во претеритум.</li>
<li>Правилно го употребува модалниот глагол müssen со определба за насока.</li>
</ul>
</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| ich im Tauer arbeiten, aber das war nicht möglich. Insgesamt bin ich ganz zufrieden mit meinem Nebenjob.<br>• елиптична употреба на *müssen* со определба за насока<br>Ende August war der Urlaub am Meer vorbei und wir mussten bald nach Hause.<br>• именки со определен и неопределен член во номинатив, датив и акузатив<br>Daniel hat ein gutes Zeugnis. Er hat fast in jedem Fach eine Eins. Das Lieblingsfach von Daniel ist Mathe und er findet den Mathelehrer ganz nett, weil er den Schülern die Aufgaben einfach erklärt.<br>• придавка во атрибутска употреба: деклинација во номинатив, акузатив и датив зад определен член, зад неопределен член и при нулов член<br>-Ich brauche einen neuen Gürtel für die blaue Hose.<br>-Schau mal! Der gestreifte Gürtel ist doch cool, oder?<br>-Ja, aber so einen bunten Gürtel passt mir doch nicht. Wie findest du die schwarzen Leggings?<br>-Toll, schwarze Leggings sind immer die beste Auswahl.<br>• неопределени заменки: *alles, einer, etwas, jeder, jemand, man*<br>Am Schulende macht man eine Abschiedsparty. Jeder bringt etwas zum Essen von zu Hause mit. Alles schmeckt super. Einer von uns sorgt für die Musik. Jemand kauft die Getränke.<br>• показни заменки: *der, dieser*<br>Der letzte Ausflug war klasse. Dieser war ganz interessant.<br>• премин на членскиот збор во заменка при изоставање на именската синтагма<br>Ich habe eine Pizza bestellt. Möchtest du auch eine?<br>• временска реченица со *wenn*<br>Nächstes Mal, wenn wir in Urlaub fahren, nehmen wir unsere Fahrräder mit.<br>• целна реченица со *damit*<br>Sie wird Lehrerin, damit ihre Eltern zufrieden sind. | • Го препознава значењето на определениот и неопределениот член пред именки во номинатив, датив и акузатив и правилно го употребува.<br>• Ги согледува разликите меѓу наставките на придавките во атрибутска употреба во номинатив, акузатив и датив.<br>• Користи неопределени заменки: *alles, einer, etwas, jeder, jemand, man.*<br>• Препознава показни заменки: *der, dieser* во реченична рамка.<br>• Воочува премин на членскиот збор во заменка при изоставање на именската синтагма.<br>• Составува временска реченица со подредувачкиот сврзник *wenn*.<br>• Образува целна реченица со подредувачкиот сврзник *damit.* |

| | |
|---|---|
| г) Содржини за дискусија:<br>• Urlaubserlebnisse (Доживувања од одмор).<br>• Навиките во исхраната во германските земји и во нашата земја. | • Опишува карактеристики на менталитетот и културата на луѓето во земјите во кои патувал/а.<br>• Ги објаснува навиките во исхраната карактеристични за германските земји и за нашата земја. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Техника грозд: учениците ги активираат своите предзнаења за темата преку мајчиниот јазик или со помош на досегашните знаења на германски јазик.
- Група ученици добиваат наслови на текстови, а другата група добиваат текстови. Целта на активноста да се поврзат насловите со текстовите.
- Текстови со празнини: Понудени се лексичко-граматички структури кои учениците треба да ги вметнат на празното место. Понудени се неколку (две до три) лексичко-граматички структури што не одговараат според контекстот.
- Учениците составуваат анаграм поврзан со одредена лексичка содржина (од измешани букви, започнати зборови да се состави правилен збор).
- *Heißer Stuhl*: Еден ученик седнува на стол пред таблата и гледа кон соучениците, наставникот / наставничаката пишува на табла некој поим, соучениците му го објаснуваат поимот на ученикот пред таблата со помош на синоними, антоними или описно.Целта е ученикот да го погоди поимот.
- *Mein bestes deutsches Wort*: Учениците работат во мали групи или парови и смислуваат омилен збор (именка, придавка или глагол). Секоја мала група или пар го закачува напишаниот збор на А4 формат на табла, другите ученици поминуваат покрај изложените зборови и гласаат за најдобриот збор. Доколку некој збор им е непознат, го обележуваат со знакот минус, за подоцна да им биде објаснет тој збор од страна на групата или парот што го напишале.
- *Kreuzwortspiel* (Крстозбор): Учениците во мали групи сами составуваат крстозбор и го разменуваат со друга група да го реши.
- *Puzzeln* (составување сложувалка): Учениците во мали групи или парови составуваат временски реченици со сврзникот *wenn* со дадени картички.
- *Rollenspiel* (Играње улоги според дадени модели): Учениците според дадени насоки (од картички) играат различни улоги во зависност од тематска област (пр. ориентирање во непознато место, купување во продавница, нарачување во ресторан).

- *Stadt-Land-Fluss* (игра брза географија): Целта на играта е учениците да ја научат новоусвоената лексика, поврзана со наставните содржини.
- Пишување кус текст на дадена тема: Учениците поделени во повеќе мали трочлени групи добиваат на лист шаблон од риба поделен на три дела (главата на рибата го означува воведниот дел на текстот, трупот на рибата главниот и опашката завршниот дел на текстот). Еден член од групата го пишува воведот, друг ученик главниот дел, а третиот ученик заклучокот. Секоја група го презентира својот состав.
- Ученички форум  на тема:„ Доживувања од одмор “.
- Изработува мени со јадења типични за одредена култура, по избор на ученикот, а потоа истотот го презентира пред одделението.
- Дискусија за сличностите и разликите во навиките поврзани со исхраната во германските земји и нашата земја.

**Тема 2: МОЈАТА ПОШИРОКА ОКОЛИНА**

**Вкупно часови: 24**

Резултати од учење:

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере глобално и детално информации во средно долги пишани текстови или говорни искази во врска со поширoката околина на живеење;
2. учествува активно во едноставни разговори, одговора на прашања и повремено поттикнува интеракција поставувајќи прашања за објекти и просторно уредување;
3. го искаже и образложи своето мислење на едноставен, организиран и смисловен начин во врска со климатските и временските услови и животната средина;
4. побара и да даде информација во врска со сообраќај и превозни средства.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• опишување на своето опкружување (населба, улица, град, село) Ich wohne in einem Reihenhaus in Wien. Wir haben sieben Nachbarn, die in genau gleichen Häusern wohnen wie wir. Ich kenne meinen Wohnort wirklich gut und kenne alle meinen Nachbarn und Nachbarinnen. Wir grüßen uns. | • Го опишува своето опкружување.<br>• Бара и дава информации за насоки на движење и за просторно ориентирање.<br>• Го опишува своето место на живеење.<br>• Ги набројува и опишува временските појави и услови. |

| | |
|---|---|
| • барање и давање информации за насоки на движење и за просторно ориентирање *Entschuldigung, können Sie mir sagen, wie ich zum Theater des Westens komme?<br>-Das Theater des Westens liegt im Zentrum, nehmen Sie die U-Bahn-Linie 2 und fahren Sie bis zum Bahnhof Zoo.<br>• опишување на своето живеалиште (соба, стан, куќа)<br>Ich bin sehr sportlich und das sieht man auch in meinem Zimmer. Es ist nicht groß, aber voll. Überall liegen meine Sportsachen herum und an den Wänden hängen viele Poster von Fußball- und Basketballspielern. Im Zimmer habe ich noch einen Schreibtisch, einen Stuhl, ein Bett und einen kleinen Kleiderschrank. Im Zimmer lerne ich und mache meine Hausaufgaben.<br>• водење разговор за временските услови согласно годишните времиња<br>-Schönes Wetter heute!<br>-Schööönes Wetter?!?<br>-Ja, dieser kühle Regen mit dem starken Wind aus Norden und die dunklen grauen Wolken am Himmel!<br>-Na ja, ich weiß nicht. Das ist doch schrecklich! Ich mag es lieber, wenn die Sonne scheint und der Himmel blau ist.<br>-Sonne? Blauer Himmel? Wie langweilig!<br>• давање предлози за чиста околина<br>Unsere Schule tut ja ziemlich viel für die Umwelt. Wir machen zum Beispiel ein Umwelt-Magazin und wir haben einen Bastel-Block. Letztes Jahr hat unsere Umwelt-AG mehrere Aktionen organisiert. Im Herbst haben wir nach dem Festival leere Dosen und Gläser im Park gesammelt und zum Recyclinghof gebracht. Im Frühling haben wir alte Bücher von zu Hause auf dem Flohmarkt verkauft.<br>• опишување домашни миленици и изразување сопствено мислење<br>Ich habe ein Haustier. Das ist mein Hund Skiper. Er ist drei Jahre alt. Sein Fell ist hellbraun. Er ist ein Golden Retriever. Ich spiele gern mit | • Предложува мерки и активности за здрава и чиста животна средина.<br>• Го претставува и опишува домашното милениче.<br>• Го образложува својот став во врска со контоверзни теми и прашања. |

| | |
|---|---|
| ihm. Er ist sehr süß und spielt mit dem Ball. Ich füttere meinen Hund dreimal am Tag und ich führe ihn zweimal am Tag aus. Skiper schläft in meinem Zimmer. Er ist mein bester Freund. | |
| б) Лексички единици:<br>• објекти и институции во населено место<br>die Großstadt, die Kleinstadt, die Altstadt, das Zentrum, das Dorf, die Kirche, das Einkaufszentrum, das Kaufhaus, der Supermarkt, die Apotheke, die Bäckerei, die Bank, das Krankenhaus, das Kino, der Markt, die Metzgerei, die Post, das Rathaus, die Schule, die Sporthalle, die Haltestelle, der Flughafen, der Bahnhof, die Hauptstraße, die Kreuzung, die Brücke<br>Köln ist etwas Speziales für Jugendliche: Wenn man nur einen Tag in Köln ist, dann muss man auf jeden Fall die Altstadt sehen und den Dom besuchen. Diese Kirche ist berühmt, ihre Türme sind über 150 Meter hoch. Man kann dort das Schokoladenmuseum besuchen oder den Zoo. Und außerdem gibt es dort diese Brücke mit den meisten Liebesschlössern in Deutschland.<br>• простории во домот и просторно уредување<br>das Kinderzimmer, das Jugendzimmer, das Schlafzimmer, das Wohnzimmer, die Küche, das Bad, der Flur, der Balkon, der Keller, die Garage, die Treppe, das Fenster, die Tür, der Schrank, der Tisch, der Stuhl, das Bett, die Lampe, das Regal, der Korb, die Schublade, der Sessel, der Teppich, stehen, stellen, hängen, liegen, legen, stecken, groß, klein, geräumig, hell, dunkel, gemütlich, hübsch<br>Wir brauchen mindestens vier Zimmer: ein Wohnzimmer, ein Schlafzimmer für uns und zwei Zimmer für unsere Kinder. Die Mädchen müssen jedes ein eigenes Zimmer haben. Dann streiten sie auch nicht mehr so viel. Meiner Meinung nach brauchen wir auch zwei Bäder, mit Badewanne oder Dusche, egal.<br>• климатски и временски услови | • Препознава лексика поврзана со живеење во град и село.<br>• Применува лексички единици поврзани со домот.<br>• Употребува лексика за да ги опише временските услови.<br>• Ги споредува чистата и загадената животна средина.<br>• Разликува и именува сообраќајни средства и објаснува насоки на движење. |

| | |
|---|---|
| das Klima, das Wetter, der Regen, der Schnee, der Wind, die Wolke, der Himmel, die Sonne, die Temperatur, der Mond, der Stern, es regnet, es weht, es schneit, die Sonne scheint, es blitzt, es donnert, warm, kalt, kühl, heiß, nass, trocken, windig, wolkig<br>Diesen Sommer gab es viel Regen. Oft war es nass und kalt. Aber der Herbst ist jetzt wunderschön. Nach dem verregneten Sommer können wir jetzt noch gut Fahrrad fahren und wandern. An manchen Tagen ist es auch noch warm genug, um beim Essen draußen zu sitzen.<br>• животна средина<br>der Müll, der Abfall, die Umwelt, der Umweltschutz, das Upcycling, die Energie, das Gebirge, das Holz, das Metall, das Plastik, der Stoff, die Gesundheit, die Natur, die Pflanze, das Wasser, der Strom, die Heizung, der Verkehr, die Verschmutzung, der Klimawandel, wegwerfen, abgeben, verschmutzen, tauschen, sparen, schützen, benutzen, packen, leer, voll, praktisch, sauber, rein, schmutzig<br>In der Projektwoche haben die Schüler erfahen, dass jeder Mensch in Deutschland über 450 Kilogramm Müll im Jahr produziert. Das hat die Schüler schockiert und sie wollten es genau wissen. Sie haben den Müll in der Schule nicht in die Mülltonne wegworfen, sondern aufgehoben und ihn später getrennt.<br>Am Ende der Woche hatten sie ungefähr drei Kilo Schulmüll pro Person gesammelt. In einem Jahr wären das über 150 Kilo pro Person und das nur in der Schule!<br>• сообраќај и превозни средства<br>das Auto, der Bus, das Fahrrad, der Roller, das S-Bahn, das Taxi, das Motorrad, das Mofa, das Flugzeug, die Straßenbahn, die U-Bahn, der Zug, das Verkehrsschild, das Verbot, abfahren, ankommen, losfahren, weiterfahren, bremsen, einsteigen, aussteigen, umsteigen, pünktlich, spät, schnell, langsam, sicher, gefährlich, einen Helm tragen, verbieten<br>Ich fahre gern mit dem Bus. Die Bushaltestelle ist nicht weit von meinem Haus. Das ist sehr praktisch. Im Bus treffe ich meine Freunde | |

| | |
|---|---|
| und ich kann mit ihnen sprechen. Wenn man eine Monatskarte kauft, ist Busfahren auch nicht so teuer. | |
| в) Граматички структури:<br>• предлози за насока;<br>Für diese Sommerferien haben wir große Pläne, wir fahren zu unseren Großeltern in die USA.<br>• предлози за потекло со датив: *ab, aus, von;*<br>Ich bin in Wien geboren, aber meine Mutter kommt aus München und mein Vater aus der Schweiz, aus Zurüch.<br>• предлози за насока и одредиште со акузатив: *an, auf, bis, durch, gegen, hinter, in, neben, über, unter, vor, zwischen;*<br>Endlich habe ich ein eigenes Zimmer bekommen. In die Ecke stelle ich den Sessel, neben die Wand stelle ich mein Bett, auf den Boden lege ich den Teppich. Ich hänge die Lampe über den Tisch.<br>• предлози за насока и одредиште со датив: *nach, zu;*<br>Nächste Woche organiseren wir einen Flohmarkt und fahren zu unseren Mitschülern nach Köln.<br>• предлог за инструмент: *mit;*<br>Zum Mittagessen esse ich mit einem Messer und einer Gabel.<br>• предлози за причина: *aus;*<br>Aus Angst vor Gewitter hat sich mein Hund unter das Bett gesteckt.<br>• предлози за цел (финални): zu;<br>Zum Lesen habe ich ein neues Buch gekauft.<br>• предлози за придружен елемент со датив: *mit;* со акузатив: *ohne;*<br>Meine Oma mag ihren Kaffee mit Milch, aber ohne Zucker.<br>• односна реченица со односната заменка *der u was*<br>Das ist meine Stadt, die sehr schön ist. In der Stadt ist immer etwas los, was mir gefällt. | • Разликува и применува предлози за насока.<br>• Прави разлика кај предлозите за потекло.<br>• Ги користи предлозите за насока и одредиште со акузатив: *an, auf, bis, durch, gegen, hinter, in, neben, über, unter, vor, zwischen*.<br>• Ги употребува предлозите за насока и одредиште со датив: *nach, zu.*<br>• Образува искази со предлогот за инструмент: *mit.*<br>• Формулира изрази со предлогот за причина: *aus.*<br>• Составува реченици со предлогот за цел (финален): zu.<br>• Прави разлика во примената на предлозите за придружен елемент со датив: *mit;* со акузатив: *ohne*<br>• Ги препознава односните заменки *der u was* во односни реченици.<br>• Ја воочува позицијата на сврзникот и личната глаголска форма во декларативна, временска, условна, причинска и целна реченица со подредувачките сврзници *wenn, dass* и *weil.*<br>• Го препознава сврзувачкиот збор (релативната заменка) и личната глаголска форма во зависна реченица.<br>• Образува прашални реченици со сврзувачки збор (прашална заменка) и лична глаголска форма.<br>• Образува прашални реченици со сврзувачки збор (прашален прилог) и лична глаголска форма.<br>• Составува индиректно отворено прашање со прашална заменка и со прашален прилог. |

| | |
|---|---|
| • речанична рамка во зависна реченица: прво и последно место<br>Wenn das Wetter schön ist, gehen wir ins Freibad.<br>Wir nehmen eine Sonnencreme mit, weil es sehr heiß ist.<br>• сврзник и лична глаголска форма во декларативна, временска, условна, причинска и целна реченица со подредувачките сврзници *wenn, dass* и *weil;*<br>Wenn man ein Haustier hat, muss man sich um es kümmern.<br>Ich denke, dass die Wildtiere nicht im Zoo leben sollen, weil sie dort nicht wandern oder jagen können.<br>• сврзувачки збор (релативна заменка) и лична глаголска форма<br>Jetzt zeige ich dir mein Bücherregal, das voll mit Büchern ist.<br>• сврзувачки збор (прашална заменка) и лична глаголска форма<br>Kannst du mir sagen, wer bei der Umweltaktion mitmacht?<br>• сврзувачки збор (прашален прилог) и лична глаголска форма<br>Ist es dir bekannt, wo der nächste Flohmarkt stattfindet?<br>• индиректно отворено прашање со прашална заменка и со прашален прилог<br>Ich habe keine Ahnung, wem das Teleskop gehört. Hat dir jemand gesagt, wer der Junge ist?<br>• елиптично индиректно отворено прашање со прашална заменка и со прашален прилог<br>Ich habe gehört, dass Susanne in eine andere Stadt umzieht. Weißt du vielleicht, wohin? | • Препознава и применува елиптично индиректно отворено прашање со прашална заменка и со прашален прилог. |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Знаменитостите и природната околина на моето место на живеење. (Die Wahrzeichen und die natürliche Umgebung meines Wohnortes)<br>• Научниците и нивните изуми. (Erfinder und ihre Erfindungen) | • Преку усвоените јазични модели ја опишува природната околина на своето место на живеење.<br>• Опишува знаменитост, објект или институција во местото на живеење. |

| | |
|---|---|
| | • Ги набројува пронајдоците на научниците во минатото и денес и ја опишува нивната примена во секојдневниот живот. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вертикален зборород: Наставникот вертикално им пишува на табла на учениците одреден поим, учениците во парови за секоја буква треба да најдат соодветен збор поврзан со темата што се обработува.
- *Platzdeckchen*: Во групи по четворица, учениците добиваат поголем лист А1 или А2 формат со нацртан шаблон, поделен на пет дела (четири странични и еден централен). Во централниот дел е дадена темата, а во страничните делови секој член на групата има задача да ги дополни дадените барања. Целта на оваа вежба е активирање на пасивните ученици во наставата.
- *Schnappspiel*: Наставникот / наставничката подготвува поголеми ливчиња на кои што се извадени поважните зборови од текстот за слушање. Пред слушањето зборовите се читаат на глас и се објаснува нивното значење. Секој ученик добива по еден збор. За време на слушањето, секој ученик кога ќе го слушне зборот треба да го крене ливчето и да го покаже на другите соученици.
- *Luftschrift*: Учениците застануваат во поголем круг, еден ученик застанува во центарот на кругот и со показалецот, по сопствен исзбор „пишува“ збор во воздух. Останатите ученици треба да го погодат зборот. Ученикот кој ќе го погоди зборот го заменува.
- *Stationenlernen*: Наставникот / наставничката подготвува три до четири станици за учење со лексичко-граматички вежби. Учениците се движат од станица до станица во мали групи и ги решаваат вежбите. Пред крајот на часот ги споредуваат решените вежби.
- *Comics und Graphic Novels*: Учениците во групи добиваат копија од страница на познат стрип со празни облачиња, во кои треба секоја група да си измисли своја приказна. Целта на вежбата е да се поттикне креативноста кај учениците при составување текст според дадена слика.
- Учениците пополнуваат формулар со лични податоци и место на живеење.
- *Fragen und Antworten mit Bewegung*: Наставникот / наставничката на секој ученик му дава една картичка со напишан поим, ученикот тееба да состави прашања со тој поим, и да развие дискусија со најмалку тројца соученици.
- Учениците добиваат стихови од некоја песна и треба да ги подредат стиховите по правилен редослед. Ја слушаат песната и проверуваат дали правилно ја подредиле.
- Учениците изработуваат електронска презентација со знаменитостите на своето место на живеење и ја презентираат пред одделението.
- Дискусија на тема:„Природната околина и главните обележја на моето место на живеење“.

- Квиз:  Erfinder und ihre Erfindungen (Научниците и нивните изуми).
- Развивање дискусија за научните достигнувања во минатото и сега и нивната примена во секојдневниот живот.

**Тема: ЗДРАВЈЕ И ЗДРАВИ НАВИКИ НА ЖИВЕЕЊЕ**

Вкупно часови: **24**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере глобално и детално краток слушнат или пишан текст на тема „Здравје и здрав живот“;
2. побара и да даде информација за својата здравствена состојба или за здравствената состојба на некој од блиското опкружување;
3. даде совет за здрав живот и здрава исхрана;
4. искаже согласување или несогласување со нечие мислење;
5. примени јазични функции за размена на информации при директна комуникација со лекар или аптекар;
6. ги опише своите навики за здрав живот во усна или писмена форма.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| а) Јазични функции:<br>• прашување за здравствена состојба и давање одговор за сопствената или состојбата на некој од блиското опкружување<br>*- Du siehst nicht so gut aus. Geht es dir gut?*<br>*- Nein, mir ist übel und ich habe Bauch-schmerzen. So war es gestern meiner Schwester und sie hatte eine Lebensmittelvergiftung.*<br>• давање совет за здрав живот и здрава исхрана<br>*Man soll genug Wasser trinken. Die Haut sieht glatt aus, die Muskeln funktionieren besser und die Giftstoffe verlassen den Körper leichter.*<br>• барање, нудење, прифаќање или одбивање помош, услуга или совет<br>*- Entschuldigung, können Sie mir bitte helfen?/ Kann ich dir helfen? – Ja, danke, sehr nett. /Nein danke.* | • Користи позната и новоусвоена лексика за да даде информација за сопствената или здравствената состојба на личност од блиското опкружување.<br>• Идентификува и применува различни начини за искажување на согласување или несогласување со нечие мислење.<br>• Бара, нуди, прифаќа или одбива помош, услуга или совет.<br>• Составува искази за да даде совет користејќи новоусвоени изрази и поими во врска со здрав начин на живот и здрава исхрана.<br>• Разменува информации за здравствената состојба според однапред даден модел за одење на лекар и одење во аптека. |

| | |
|---|---|
| *- Ich rate dir, sich mehr zu bewegen. – Danke für deinen Rat, das tue ich sicher.*<br>• одење на лекар<br>*- Guten Tag, Herr Doktor.*<br>*- Guten Tag, Anya. Was führt dich zu mir?*<br>*- Na, es geht mir nicht gut. Mein Kopf tut weh und mir ist heiß. Mein Hals schmerzt. Meine Arme und meine Beine tun weh.*<br>*- Mach mal den Mund weit auf und sag: „Aaaaa“. Ach, das sieht nicht so gut aus... Das ist eine starke Erkältung. Du musst ein paar Tage im Bett bleiben. Ich gebe dir eine Krankmeldung und ein Rezept, dann kannst du die Medikamente in der Apotheke bekommen.*<br>*- Vielen Dank, Herr Doktor. Auf Wiedersehen.*<br>*- Auf Wiedersehen, Anya und gute Besserung!*<br>• одење во аптека<br>*- Guten Tag, ich bräuchte dieses Medikament.*<br>*- Guten Tag. Das Medikament von dieser Firma haben wir nicht da. Aber wir haben das gleiche von einer anderen Firma. Wollen Sie das nehmen?*<br>*- Ja, dann nehme ich das.*<br>*- Diese Tabletten sollten Sie dreimal täglich nehmen, jeweils eine halbe Stunde vor den Mahlzeiten. Das macht 12,60 Euro.*<br>*- Bitte das Geld. Danke und auf Wiedersehen.*<br>• искажување на согласување или несогласување во врска со нечие мислење<br>*- Ich glaube, schwimmen gehen nach der Mahlzeit soll in Ordnung sein.*<br>*- Ich stimme damit nicht zu. Nach dem Essen dürfte man frühestens nach einer halben bis ganzen Stunde Wartezeit wieder schwimmen.* | • Пренесува писмено и усно куси искази и прашања од германски на мајчин јазик во врска со здравје и здрав начин на живот. |
| б) Лексички единици:<br>• делови од човечкото тело: *das Skelett, das Gehirn, der Hals, die Lunge, die Rippen, die Brust, der Bauch, der Nabel, der Magen, der Darm, das Blut, der Muskel, der Knochen, das Gelenk, die Nerven, das* | • Ја употребува усвоената лексика и ја проширува со нова лексика поврзана со делови на човечкото тело. |

| | |
|---|---|
| *Herz, das Körpergewicht, der Geschmack, die Temperatur, die Haare, die Haut, der Nagel, das Organ, der Organismus, der Geist*<br>*Gesunder Geist in gesundem Körper—das sagt immer mein Arzt*. *Hülsenfrüchte liefern Proteine und Ballaststoffe für den Darm, Eisen für das Blut, Magnesium für die Nerven, Calcium für Knochen und Zähne sowie Kalium für das Herz.*<br>• здравствена состојба: *die Gesundheit, die Krankheit, die Ernährung, das Immunsystem, die Aktivität, der Schwinder, die Kraftlosigkeit, die Bakterien, das Virus, die Erholung, die Allergie, der Stress, der Husten, das Niesen, der Schnupfen, die Erkältung, das Fieber, die Übelkeit, das Erbrechen, die Entspannung, die Untersuchung, die Verletzung, das Röntgen, die Operation, der Verband, das Rezept, die Medikamente, die Tablette, der Arzt/die Ärztin, das Krankenhaus; krank/gesund sein, weh tun, röntgen, sich ausruhen*<br>*- Hatschi! - Gesundheit! Was ist denn mit dir los? - Ach, seit gestern fühle ich mich müde, niese regelmäßig und meine Augen brennen und tränen. - Hoffentlich ist es keine Grippe. - Nein, ich wette es ist wieder meine Pollenallergie. Zwischen März und Mai passiert das immer.*<br>• видови здрава исхрана: *der Speiseplan, die Diät, glutenfrei, vegetarisch, vegan, das Protein, das Kohlenhydrat, das Fett, die Flüssigkeit, das Vitamin, die Mineralstoffe, die Ballaststoffe,*<br>*der Smoothie, der Matcha-Tee, der/das Joghurt, die Mandelmilch, das Müsli, der Müsliriegel, der Tofu, der Feta, der Ricotta, die Walnuss, die Haselnuss, die Erdnuss, die Quinoa, die Gemüsebrühe,die Sojasoße, der Apfelessig, der Balsamessig, der Honig, das Leinöl, das Olivenöl, die Pfefferminze, die Reisnudeln, der Reis, die Bohne, der Caesar-Salat, das Gemüselaibchen, der Pilz, der Ingwer, der Blumenkohl, die Linsen, die Avocado, die Zucchini, das Radieschen, der Brokkoli, der Spinat, der Sellerie, die Bete, der Spargel, die Süßkartoffel, die Olive, die Garnele, der Fisch, der Lachs, der Granatapfel, die Zitrusfrüchte, die Ananas, die Wassermelone, die Aronia* | • Препознава нови поими и изрази во врска со здравствената состојба во куси слушнати или пишани текстови.<br>• Ја опишува својата здравствена состојба употребувајќи новоусвоена лексика поврзана со темата.<br>• Употребува новоусвоена лексика во едноставни реченици за да ги опише во писмена и усна форма своите животни навики, со акцент на здрава исхрана и спортски активности.<br>• Преведува и толкува едноставни искази од германски на мајчин јазик поврзани со опис на здравствената состојба, делови од човечкото тело и здрав начин на живот. |

| | |
|---|---|
| *Die Ernährungspyramide bedeutet eine ausgewogene Ernährung, damit man genug Kohlenhydraten, Eiweiß, Fett sowie allen Vitaminen und Mineralstoffen bekommt. Man soll sich abwechslungsreich und nach Möglichkeit saisonal ernähren.*<br>• спортски активности: *das Schwimmen, das Joggen, der Fußball, der Volleyball, das Badminton, das Eishockey, die Athletik, das Boxen, der Handball, das Eislaufen, das Segeln, das Tauchen, das Snowboarding, das Pingpong/ das Tischtennis, das Surfen, das Jiu-Jitsu, das Karate, das Yoga, die Fitness*<br>*Wenn du dich zu faul fühlst etwas zu trainieren, kannst du immer wandern gehen. Auf diese Weise, bist du in der Natur unterwegs und kannst dich gleichzeitig fit halten. Und zu Hause kannst du immer Yoga praktizieren, dann brauchst du nur eine Matte. Online-Videos gibt es überall im Internet und du musst nicht gegen deinen Willen im Sportzentrum sein.* | |
| в) Граматички структури:<br>– <u>определби за време</u><br>• предлози за време: *ab, an, bei, bis, in, seit, von, vor, zwischen* + датив; *um* + акузатив<br>*Ab nächsten Montag fange ich ein gesunderes Leben an.*<br>*Von Montag bis Freitag esse ich, was es in der Mensa gibt.*<br>*Zwischen den Monaten Juni und August wird das Wetter sehr heiß, dann können wir schwimmen gehen.*<br>*Die Yoga-Stunde beginnt um 8 Uhr morgens.*<br>• предлог + предлог + датив:<br>*Die Arztpraxis bleibt in den Sommerferien vom 15.08. bis zum 01.09. geschlossen.*<br>• предлог + прилог:<br>*- Bis wann bleibst du im Krankenhaus? - Zum Glück nur bis morgen.*<br>*- Ab wann fährst du in Urlaub? - Ab übermorgen.*<br>• прилози за време: *dann, jetzt, lange, wann, wie lange* | • Ги идентификува и правилно ги употребува различните начини за искажување определби за време: со еден или со два предлога, преку прилози или преку комбинација од предлог и прилог.<br>• Препознава и применува различни предлози и прилози како начин да искаже определба за место.<br>• Воочува можност за употреба на предлози, на прилози, на придавки, или на комбинацијата *wie* + именка или заменка за да изрази определба за начин.<br>• Се служи со соодветните глаголи во реченици кои содржат определби за време, за место и за начин, притоа водејќи сметка за усогласеноста со соодветниот падеж.<br>• Користи придавки со правилно степенување во компаратив и во суперлатив. |

| | |
|---|---|
| *- Wie lange kocht man die Spargel? - Grüne Spargel sind fertig nach sechs bis acht Minuten. Dann kann man sie essen.*<br>• глаголи со објект во акузатив<br>*Am Meer bleiben wir für drei Wochen. Dann können wir jeden Tag am Strand verbringen.*<br>*Übers Wochenende bereite ich mir einen Speiseplan für die ganze Woche vor.*<br>• глаголи со определба за време:<br>*- Wie lange dauert der Segelkurs? - Er dauert ein bis zwei Wochen.*<br>*- Und wann beginnt der Kurs?  - Jeder Kurs findet am Monatsanfang statt.*<br>– <u>определби за место</u><br>• предлози за место: *an, auf, bei, hinter, in, neben, über, unter, zwischen, zu* + датив*; um* + акузатив<br>*Der Honig steht im Küchenschrank. Ich nehme den Honig aus dem Schrank. Jetzt steht der Honig auf dem Tisch.*<br>*Er schläft unter freiem Himmel. Draußen schlafen ist gesund - für Körper und Seele.*<br>*Gehen Sie dahinten um die Ecke. Da sehen Sie schon den Biomarkt.*<br>• прилози за место: *dort, hier, oben, unten*<br>*- Entschuldigung, wo kann ich Granatäpfel finden? - Dort, in dem Zitrusfrüchtengang. Oben sind Zitronen und Orangen gestellt, unten sind die Granatäpfel.*<br>• глаголи со определба за место:<br>*- Wo hast du die Tomaten gekauft? - Eigentlich wachsen sie in meinem Garten.*<br>*- Wo wohnen die Müllers? - Auf einem Bauernhof.*<br>– <u>определби за начин</u><br>• предлози за начин: *mit* + датив; *auf, ohne, gegen* + акузатив<br>*Er hat das Rennen mit großem Erfolg abgeschlossen-er hat eigentlich den ersten Platz gewonnen!* | • Ја забележува промената кај степенувањето на одредени придавки во компаратив и во суперлатив и правилно го применува умлаутот во нивното образување.<br>• Разликува форми на неправилно степенување кај одреден број придавки и соодветно ги употребува.<br>• Формира фрази и реченици со придавка во суперлатив.<br>• Образува реченици со степенувани форми на придавки во предикативна и во прилошка употреба.<br>• Точно деклинира придавки со споредбен елемент искажан со помош на *wie* и *als*.<br>• Соодветно ги позиционира глаголските форми во зависна реченица што прикажува индиректен говор.<br>• Правилно ги изговара гласовите [z], [s], [ts] на прво, последно или на место во средина на зборот.<br>• Пренесува и толкува куси реченици од германски на мајчин јазик употребувајќи лексика поврзана со опис на здравствената состојба, делови од човечкото тело и здрав живот. |

| | |
|---|---|
| *Ich habe keine Diät gemacht, nur Sport getrieben, und auf diese Weise 2 Kilo abgenommen.*<br>*Sie ist ohne Mühe mit dem Fahrrad gegen den Wind gefahren.*<br>• прилози за начин: *gern(e), so, wie*<br>*Schau her und mach es so wie ich.*<br>*- Kannst du mir bitte helfen? - Ja, gern/gerne.*<br>*Ich hätte gern/gerne ein Glas Wasser*.<br>• придавка: *langsam, plötzlich*<br>*Er ist plötzlich aufgestanden und langsam zur Tür gegangen.*<br>• *wie* + именка или заменка<br>*Du bist fast so groß wie ich und ich bin so groß wie mein Vater. Es gibt einige in meiner Familie, die mich zu groß für ein Mädchen finden.*<br>• глаголи со објект во датив и определба за начин<br>*- Wie schmeckt dir die Ananas? - Sie schmeck mir gut, aber sie riecht mir noch besser.*<br>– <u>степенување</u><br>• правилно степенување на придавките: -er/am - sten<br>*Ich schwimme schnell. Meine Schwester schwimmt schneller. Mein Bruder schwimmt am schnellsten.*<br>• умлаут при степенување на придавките: a - ä; o - ö; u - ü<br>*Vorgestern war es warm, gestern war es wärmer und heute ist am wärmsten.*<br>*Mein Freund Peter ist größer als ich, aber unser Freund Mario ist am größten- er ist 1,80 Meter groß.*<br>*Ich habe zwei Schwester. Maria ist jünger als ich und Lisa ist am jüngsten.*<br>• неправилно степенување на придавките<br>*Der Käsekuchen ist gut, die Bananenpfannkuchen sind noch besser, aber die Vollkornbrötchen in dieser Bäckerei mag ich am besten.*<br>*Ein Haus ist hoch, ein Gebäude ist höher, aber ein Wolkenkratzer ist der höchste von allen.*<br>• придавка во суперлатив | |

| | |
|---|---|
| *Er ist der schnellste Schwimmer.*<br>*Heute ist der wärmste Tag.*<br>*Lisa ist die jüngste Schwester.*<br>• степенувани форми во предикативна и во прилошка употреба<br>*Am liebsten esse ich gesund, mein Körper funktioniert besser so. Ich habe mehr Energie, schlafe besser—nicht weniger als acht Stunden—und fühle mich überall lebendiger und bei bester Gesundheit.*<br>• деклинација на придавка со споредбен елемент: *wie, als*<br>*Die Bananen sind teurer als die Äpfel. Das bedeutet, die Bananen haben einen höheren Preis als die Äpfel.*<br>*Die Äpfel sind so teuer wie die Birnen. Das bedeutet, die Äpfel haben einen genauso hohen Preis wie die Birnen.*<br>*Die gesündesten Gemüsesorten sind Brokkoli, Grünkohl, Knoblauch und Kartoffeln.*<br>• реченична рамка во зависна реченица: второ и последно место во индиректен говор<br>*Er sagt, er will ein Arzt werden.*<br>*Ute behauptet, sie rennt schneller als ich.*<br>*Unser Sportlehrer meint, wir sollen Sport jeden Tag machen.*<br>• изговор, акцент и интонација: [z], [s], [ts]: **S**ee, Rei**s**e, le**s**en, Per**s**on; Stra**ß**e, Kla**ss**e, da**s**, Bu**s,** au**s**steigen; **Z**ahn, Medi**z**in, Pil**z** | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Здрав живот на младите во нашата земја и во Германија<br>• Мојата пирамида на исхрана | • Го искажува своето мислење за здравиот начин на живот кај младите во земјава и во земјите од германското говорно подрачје.<br>• Ги опишува основните групи на храна што ги конзумира и преку едноставни искази аргументира за нивните придобивки. |
| **Примери на активности:**<br>*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)* | |

- Учениците изработуваат асоциограми со клучни зборови за воведување во содржината што ќе се обработува.
- *Zungenbrecher spielen* (Брзозборка): Учениците во парови го читаат ја читаат на глас брзозборката и притоа постепено ја зголемуваат брзината на изговор. Отпаѓа оној кој прв ќе направи грешка, а се играат повеќе рунди. (Примери: *Selten ess' ich Essig. Ess' ich Essig, ess' ich Essig nur im Essen./Zwei Schweizer schweißen schwitzend.*)
- Вежби со повеќечлен избор: Учениците ја бираат точната од неколку понудени форми на степенувани придавки (Susi ist eine gute Läuferin. Sie ist ___ . a) schneller b) am schnellsten c) **schnell**). Вежбата може да се прилагоди и за други граматички структури или лексички единици.
- *Anagramm spielen* (Анаграм): Даден е збор, на пр. *Arztbesuch*. Може да се користат сите букви од дадениот збор, но не може да се додадат повеќе за да се формираат, односно напишат, нови зборови. Притоа учениците можат да формираат поголем број зборови: Bach, zuerst, Zebra, aber, acht, Ersatz...
- *Kreuzwortspiel* (Крстозбор): Учениците во крстозбор ги допишуваат поимите што означуваат здрава храна според дадени цртежи или слики. Вежбата може тематски да се прилагоди и да содржи лексика поврзана со здравствена состојба, делови на човечкото тело, спортски активности итн.
- Корекција на грешки: Наставникот/наставничката им дава на учениците реченици во кои има барем една грешка, на пример, во употребениот предлог за место, односно определен член. Учениците треба да ја најдат грешката и да ја напишат одново реченицата. (На пример: Die Flasche ist **an** dem Tisch. - Die Flasche ist **auf** dem Tisch./ Die Flasche ist auf **den** Tisch. - Die Flasche ist auf **dem** Tisch.) Вежбата може да се прилагоди и за други граматички структури.
- *Suchsel spielen* (Осумнасочник): Во осумнасочник учениците во сите осум насоки бараат скриени зборови од лексиката што се обработува. Целта е да се пронајдат што повеќе зборови, а учениците можат да работат самостојно или во парови.
- *Rollenspiel* (Играње улоги според дадени модели): Учениците работат во парови и драматизираат посета на лекар, при што првиот ученик/ученичка од парот е во улога на лекар и поставува прашања во врска со здравствената состојба на соученикот/соученичката од парот, а партнерот во улога на пациент ги одговара прашањата. Вежбата може да се прилагоди и со улоги пациент - аптекар.
  A: Guten Tag, was fehlt Ihnen? P: Ich habe Fieber, Husten und Schnupfen. A: Wie lange sind Sie schon krank? P: Seit gestern.
- *Fünf Wörter–ein Satz!* (Реченици со пет збора): Работа во помали групи. На учениците им се задаваат пет различни зборови. Задачата на секој ученик/ученичка е да формира и напише реченица со овие пет збора по дадениот редослед. Ученикот/ученичката кој/а прв ќе формира реченица ги кажува наредните пет збора, а ученикот/ученичката на ред се обидува да формира реченица со нив. На првиот играч што ќе формира реченица му се доделува поен. Победува ученикот/ученичката со најмногу поени. (На пример: Hund, Himmel, Sonne, Wald, Hase: *Bei der Wanderung mit dem Hund im Wald, war der Himmel grau, ich habe einen Hasen gesehen, aber keine Sonne*.)

- Аргументирање/Дебатирање: Наставникот/наставничката поставува тема и ги дели учениците на поддржувачи и противници. Потоа учениците коментираат и образложуваат зошто се сложуваат со темата или се против неа. (На пример: „Wir haben gesundes Essen in der Mensa- ja oder nein?“)
- Индиректен говор: Учениците работат во парови и на лист хартија пишуваат по десет реченици за себеси. Потоа ги менуваат листовите и ги прераскажуваат речениците од соученикот/соученичката. (Ich mag Brokkoli nicht. - Jan sagt/schreibt, er mag kein Brokkoli.)
- Врши презентација пред одделението во врска со здравиот начин на  живот кај младите во нашата земја и земјите од германското говорно поднебје.
- Дискусија за сличностите и разликите во здравиот начин на живот на младите во земјава и земјите од германското говорно подрачје.
- Врз основа на изработен плакат/колаж проследен со едноставни искази за основните групи на храна што ги конзумира ученикот/ученичката се развива дискусија на тема: „Кои се придобивките од здравиот начин на исхрана“?

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот/наставничката обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти/ки, образовни медијатори/ки, тутори/ки волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот/наставничката еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот/наставничката користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

DRAFT

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во деветто одделение по предметот Германски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- вербалното и невербалното реагирање по слушнат исказ;
- читањето и разбирањето на куси слушнати и/или пишани искази и куси дијалози, куси едноставни песни;
- правилното пишување на зборови, реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- правилното пишување на реченици и куси, едноставни текстови на позната тематика;
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации);
- домашните задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење и оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | |
| **Институција/носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.) министерот за образование и наука ја донесе** | бр. ____________<br>________________ година |

| | |
|---|---|
| **наставната програма по *Германски јазик* за IX одделение.** | Министер за образование и наука,<br>_____________________________ |

DRAFT